**ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП**
*Ревизија,Сметководство,Консалтинг*

*6000 Охрид,Димитар Влахов 46/2*
*Тел.046272582*
*Тел.070264869*
*e-mail: jolak.revizija@gmail.com*
*www.jolak.mk*

Согласно член 35 од Законот за ревизија („Службен Весник на РМ“ број 158/10,135/11,188/13,43/14,138/14,145/15,192/15,23/16 и 83/18), ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид го објавува следниот :

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА

Извештајот за транспаретност за 2022 година содржи информации во врска со :

- Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија
- Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвотот за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвотот за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- Датум кога е изврженa последната проверка за уверување во квалитететот на ревизорот согласно со членот 20-а од Законот за ревизија
- Список на субјекти на кои е извршена ревизија во претходната година
- Изјава за независно работење на друштвотот за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија,односно овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година
- Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надомстоци,расчленет во четири категории : од услуги од ревизија на годишни и консолидирани сметки,дополнителни услуги на уверување во квалитет,даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

## 1) ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР-ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ

### а) Адресни податоци

| | |
|---|---|
| Полн назив | Трговец поединец за ревизија,сметководство и консалтинг Влатко Славе Јолакоски ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП Охрид |
| Опис на правна форма | Трговец поединец |
| Место на основање | Охрид |
| Датум на основање | 02/12/2019 година |
| Основна главнина | Нема |
| Главна шифра на дејност според Централен Регистар | 69.20 Сметководствени,книговодсвени и ревизорски работи,даночно советување |
| Регистерски број во ИОРРМ | ТП022 |
| Број на лиценца за работа на вршење ревизија | Регистарски број на лиценца број 17<br>Број 08-19 од 10/02/2020 година |
| Адреса на подружници | Нема |
| Основани друштва во земјата и странство во целосна или доминантна сопственост на друштвото | Нема |
| Број на вработени на 31/12/2022 година на неопределно работно време | 1 |
| Број на вработени на неопеделено работно време на денот на Извештајот за транспарентност | 1 |
| Број на вработени на определно работно време | Нема |

### б) Основање и правна структура

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е формирано во согласност со Законот за ревизија, регистрирано во Централниот Регистар на Република С.Македонија на 02/12/2019 година врз основа на Законот за трговски друштва како трговец поединец и има добиено од Советот за унапредување и надзор на ревизијата лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор-трговец поединец на 10/02/2020 година со регистарски број на лиценца 17.

### в) Сопственост

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е регистрирано во Централниот регистар на Република С.Македонија како трговец поединец и е во целосна сопственост на 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор, Влатко Јолакоски. Имајќи ја во предвид формата на трговец поединец ЈОЛАК РЕВИЗИЈА нема основна главнина и основачот одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

### г) Осигурување од професионална одговорност

| | |
|---|---|
| Минимална сума за покривање на штетен настан | 120.000 евра, (7.380.000 денари) |
| Број на полиса | 13053000070906/0 |
| Друштво за осигурување | Евроинс Осигурување АД Скопје |
| Период на осигурување | 25/01/2023 – 25/01/2024 година |

### д) Список на овластени ревизори вработени во друштвото на 31/12/2022 година

| Реден број | Број во регистар | Име и презиме на овластениот ревизор | Број на лиценца |
|---|---|---|---|
| 1 | OP223 | Влатко Јолакоски | 192 08-648/1 од 29/09/2015 |

## 2) ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГАЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА СУБЈЕКТОТ

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид делува како овластен ревизор на територија на Република С.Македонија и не припаѓа на ниедна професионална мрежа. Канцеларијата е основана и работи со цел давање на услуги на коминтентите кои делуваат на пазарот во Република С.Македонија.

## 3) ОПИС НА УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

Управител на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е Влатко Јолакоски, овластен ревизор.

## 4) ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА ВАЛИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ

Политиката на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со постојано следење на правната и економската легислатива, како одржување на висок степен на професионално знаење.
Врз основа ма барањата на Законот за ревизија, ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид има усвоено Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид, кој е подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет дефинирани во Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид е изготвен согласно барањата на :

- МСКК 1 – Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 и
- МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување, дека ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени околности. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на :

- Одговорностите на лидерите за квалитет во рамките на друштвото
- Релевантните етички барања
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфичните ангажмани
- Човечките ресурси
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување

МСР 220 се однесува на одговорностите на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.
Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на друштвотот е управителот на друштвотото (овластен ревизор) кој во името на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид ги потпишува ревизорските извештаи.
Управителот на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид донесува програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење на внатрешната контрола на квалитет. Политиките и процедурите на внатрешниот систем на квалитет вклучуваат континуирана проверка на системот на контрола на квалитет, заедно со периодичната контрола на конкретни завршени ангажмани. Периодичната проверка вклучува проверка на најмалку еден ангажман за секој партнер за периодот кој се испитува, а се врши најмалку еднаш годишно. Начинот на кој е организиран системот на проверка зависи од следните фактори : Број на ангажмани во периодот, резултатите од претходната проверка, природата и комплексноста на ангажманите во однос на ризикот поврзан со клиентите и специфичноста на ангажманите.
Врз основа на барањата на Законот за ревизија, ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид, доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид, како на ниво на трговец поединец, така и на ниво на поединечните ангажмани, се со цел да се обезбеди дека вработените се придржуваат кон интерните акти на друштвото при спроведување на поставените задачи од страна на раководителот на ревизорските тимови.

(Прилог : ИЗЈАВА)

## 5) НЕЗАВИСНОСТ НА РЕВИЗОРОТ

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид посебно внимание и придава на независноста, а со тоа и на проверка во сите ситуации каде што е можно загрозување на независноста на ревизорот, бидејќи сметаме дека независноста е основа за квалитетот, објективноста, професионализмот и довербата во ревизорската работа.

Независноста ја разбираме со исполнување на следниве критериуми :

- Чесност и објективност
- Професионална стручност и должно внимание
- Избегнување на етички судири со клиентите
- Доверливост
- Професионално однесување
- Почитување на барањата од Стандардите за етика

Независноста на ревизорот ние цениме дека е загрозена во следниве случаи :

- Доколоку истовремено освен ревизорски услуги на клиентот му се обезбедуваат и сметководствени услуги и/или услуги на процена и судски вештачења
- Ако членови на ревизорскиот тим се во блиско сродство со некои од раководството на клиентот
- Ако било кој од ревизорскиот персонал има било каков финансиски интерес со клиентот или е вклучен во управувачките и надзорните структури во органите на клиентот
- Ако еден ист ревизорски тим 7 години по ред врши ревизија кај ист клиент.

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа : по пат на изјави, на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договори за ревизија, пред назначувањето на членовите на конкретен ревизорски тим, а членовите на ревизорските тимови во одлуките за назначување се предупредени да го известат управителот доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната независност.

(Прилог : ИЗЈАВА)

## 6) ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ И ДРУГИОТ РЕВИЗОРСКИ ПЕРСОНАЛ

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид им овозможува на своите вработени нивно натамошно професионално усовршување преку присуство на семинари во земјата и странство организирани од Институтот на овластени ревизори или акредитирани институции. Исто така се организираат интерни семинари од обласа на ревизијата во рамките на друштвото а се испраќаат и на семинари кои ги организираат овластени консултантски куќи од обласа на даноците и сметководството. Друштвото располага и со солиден фонд на стручна литература, видео и аудио предавања од обласа на ревизијата, даночната регулатива и сметководството.

(Прилог : ИЗЈАВА)

## 7) ДАТУМ НА ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО ЧЛЕН 20-а ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

Согласно член 19-а од Законот за ревизија, овластените ревизори – трговци поединци подлежат на систем за контрола на квалитет, заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите на вршење на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за за професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Последната проверка поради уверување во квалитет е извршена во мај 2022 година за ангажманите на овластениот ревизор Влатко Јолакоски. Проверката е извршена од страна на проверувачите на контрола на квалитет при Институтот на овластени ревизори на Република С. Македонија. Предмет на проверката контрола на системот на контрола на квалитет и два поединечни ангажмани за ревизија на финансиски извештаи за годината што завршила на 31 декември 2020 година. Конечниот извештај за извршената контрола е изготвен во јули 2022 година.

## 8) СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид во текот на 2022 година има извршено ревизија на финансиски извештаи на следните субјекти :

| | **ЗАКОНСКИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** |
|---|---|
| 1 | ПОДГОРКА ДООЕЛ - СТРУГА |
| 2 | БАБУШ КОМПАНИ ДООЕЛ - СТРУГА |
| 3 | МКБ-МИСА ДОО - СТРУГА |
| 4 | МАНДИ ТРАНС ДООЕЛ - БИТОЛА |
| 5 | МАНДИ ТРАНС ДООЕЛ - БИТОЛА (Консолидирани финансиски извештаи) |
| 6 | ДСА ТЕАМ ДООЕЛ - ОХРИД |
| 7 | ДСА ТЕАМ ДООЕЛ - ОХРИД (Консолидирани финансиски извештаи) |
| 8 | ТРАФИТАЛИА ДООЕЛ - ОХРИД |
| 9 | ТРАФИТАЛИА ДООЕЛ - ОХРИД (Консолидирани финансиски извештаи) |
| 10 | ГЕГА ДООЕЛ - СТРУГА |
| 11 | ЈИС-КОМПАНИ ДОО - ДЕБАР |
| 12 | АКСАПТА МАСТЕРС ДОО – СКОПЈЕ |
| 13 | АЛ-МАКС ДОО - СТРУМИЦА |

| | **ДОГОВОРНИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** |
|---|---|
| 1 | СИТ ИНЖЕНЕРИНГ 2021 ДОО - ОХРИД (Корекција на годишна сметка) |
| 2 | НЕЛКОСКИ ОРГАНИК ФУД ДООЕЛ – СТРУГА |
| 3 | ТАМАЈ ДООЕЛ – ТЕТОВО (Корекција на годишна сметка) |
| 4 | ЛЕО МАРКЕТ ТП - ДЕБАР (Недоставена годишна сметка) |
| 5 | ЈИС-КОМПАНИ ДОО - ДЕБАР (Ангажман за уверување) |

## 9) ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

| ВИД НА ПРИХОД | 2022 | % | 2021 | % |
|---|---|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 1.467.750 | 94 | 1.367.850 | 98 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC,прифатени и објавени во РМ) | 90.000 | 6 | 24.600 | 2 |
| Даночни советодавни услуги | - | - | - | - |
| Други неревизорски услуги | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **1.557.750** | **100** | **1.392.450** | **100** |

## 10) ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

При ревизијата, хонорарот се утврдува според големината на субјектот или проектот, бројот на предвидени часови и потребен број на извршители во тимот.

Охрид, 29/03/2023 година

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП
Управител,
Влатко Јолакоски

**И З Ј А В А**

**ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ**

Одговорниот за квалиетот на ревизиите,Управителот на овластениот ревизор – трговец поединец изјавува дека системот на контрола на квалитетот на овластениот ревизор – трговец поединец функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека овластениот ревизор – трговец поединец и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди,регулаторните и законските барања,и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Охрид, 29/03/2023 година

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП
Управител,
Влатко Јолакоски

**И З Ј А В А**

**ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид, има усвоено Политика на независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат и не можат да се извршат од страна на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да и помогне на ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

Усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитет на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите доследно се спроведуваат.

Охрид, 29/03/2023 година

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА РЕВИЗИЈА СМЕТКОВОДСТВО И КОНСАЛТИНГ ВЛАТКО СЛАВЕ ЈОЛАКОСКИ ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП ОХРИД

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП
Управител,
Влатко Јолакоски

# И З Ј А В А

## ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Во функција на унапредувањето на квалитетот на ревизорските постапки а согласно член 28 од Законот за ревизија,овластениот ревизор – трговец поединец има развиено политики на :

- Континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РМ и од акредититирани институции во странство
- Перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организацја на консултантски куќи од Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, финансиска поддршка при подготовка и полагање на ревизорски испит, финансиска поддршка при доедукација во областа на информатичките технологии
- Консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП – Охрид,потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите од година во година доследно ги применува.

Охрид, 29/03/2023 година

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА РЕВИЗИЈА СМЕТКОВОДСТВО И КОНСАЛТИНГ ВЛАТКО СЛАВЕ ЈОЛАКОСКИ ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП ОХРИД

ЈОЛАК РЕВИЗИЈА ТП
Управител,
Влатко Јолакоски

---------------------------------------------